***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

**Број 09-515/17**
**20.12.2005 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 27 од Законот за државната ревизија ("Сл. Весник на РМ" бр. 73/2004 - Пречистен текст) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на Сојузот на слепите ннна РМ, Проект Фаре/Брај за периодот од 2000 до 2002 година бр.09 – 515/9 од 11.11.2005 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на образложението кон наодот бр. 8 од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност кај Сојузот на слепите на РМ – Проект Фаре/Брај **не се прифаќа**.
2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност кај Сојузот на слепите на РМ – Проект Фаре/Брај до Државниот завод за ревизија поднесен е приговор бр. 09 – 515/16 од 16.12.2005 година.

Образложенијата за прифаќање односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот даден на образложението кон наод бр. 8 од Конечниот извештај **не се прифаќа,** поради следното: во Конечниот извештај јасно и недвосмислено е искажано дека Сојузот на слепите на РМ не изгитвил финансиски извештаи за реализација на проектот за периодот во кој се остварувале активностите согласно македонската законска регулатива; јасно и недвосмислено е кажано дека постои пишана документација која е во прилог на ревизорскиот наод, имено Извршниот одбор на Сојузот барал образложенија и отчетност од лицето партнер од страна на Сојузот за користењето на средствата од проектот во однос на членството на Сојузот.

Утврдените неправилности и незаконитости претставуваат одговорност за извршување на работите и работните задачи на Сојузот на слепите на РМ односно на лицата и телата кои во наведениот период на проектот ги извршувале истите.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор,**

Скопје, 20.07.2005 година

**Др. Драгољуб Арсовски**